- Во делот за заштита на културното наследство, културното наследство е наведено на ниво на катастарска општина, поради што при изработка на документацијата потребно е да се утврди дали на предметната локација има културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото и да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива.
- За предметниот простор не постои можност за појава на прекугранични влијанија, ниту во фазата на поставување, ниту во фазата на експлоатација, поради доволната оддалеченост на предвидениот опфат од границите на Државата.
- Мерки за ублажување на негативните влијанија од евенуални несреќи и хаварии се наведени во секторската област: Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата за предметниот простор за изградба на 10(20)kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село, задолжително да се земат во предвид претходно наведените забелешки, како и забелешките од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

Усогласување на планската документација со Просторниот план

Сите активности во просторот треба **да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата**, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата на:

- државните инфраструктурни системи (патишта, железници, воздушен сообраќај, телекомуникации);
- енергетските системи, енерговоди и поголеми водостопански системи;
- градежните објекти важни за Државата;
- капацитетите на туристичката понуда;
- стопанските комплекси и оние кои се однесуваат на поголеми концентрации (слободни економски зони);
- капацитетите за користење на природните ресурси.

Просторните планови на регионите и подрачјата од посебен интерес и урбанистичките планови се усогласуваат со Просторниот план на Републиката, особено во однос на следните елементи:

- намената и користењето на површините;
- **мрежата на инфраструктура;**
- мрежата на населби;
- заштитата на животната средина.

Насоките на Просторниот план на Републиката во однос на намената и користењето на површините се однесуваат на заложбата при изработката на урбанистичките планови, површините за сите урбани содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи (над IV категорија).

Посебни мерки и активности за остварување на рационалното користење и заштита на просторот, како и посебни интереси на просторниот развој се:

- Обезбедување на спроведување на постојните закони и прописи со кои се заштитува просторот, ресурсите и националното богатство и се организира и уредува просторот со цел за вкупен развој.
- Рационално користење на подрачјата за градба и нивно проширување или формирањето на нови врз база на критериумите за изготвување на соодветна планска документација.
- Насоките и критериумите за уредување на просторот надвор од градежните подрачја треба да се утврдат со помош на стручни основи и упатствата од ресорите на земјоделството, водостопанството, шумарството и заштитата на животната средина.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Условите за планирање на просторот се за изградба на 10(20)kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село. Вкупната должина на трасата е 1,59 km.

Должината на трасата за која што се издаваат условите за планирање изнесува 0,4 km. Останатиот дел од трасата поминува низ издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Сушица, Општина Ново Село, со тех.бр. Y25215.

Трасата се граничи со издадени Услови за планирање на просторот за поставување подземен кабелски вод 10(20) kV траса со почеток од КП 392, КО Секерник, Општина Босилово до трафостаница Сушица на КП 3992, КО Сушица, Општина Ново Село, со тех. бр. Y69122 и Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Сушица, Општина Ново Село, со тех.бр. Y25215.

Видот на планската документација да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Условите за планирање треба да претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот на населбата и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот, обработени во согласност со Просторниот план на Република Македонија.

При изработка на документацијата за предметниот простор треба да се земат во предвид горенаведените забелешки и следните поединечни заклучни согледувања од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија:

Економски основи на просторниот развој

- **Развојот на инфраструктурните системи претставува значајна детерминанта на економскиот развој. Унапредувањето на електро-енергетската инфраструктура влијае врз развојот и разместеноста на производните и услужни дејности.**
- **Изградбата на 10(20)kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село, ќе овозможи подобрување на инфраструктурните услови во ова подрачје.**
- Согласно определбите на Просторниот план на Република Македонија, идниот развој и разместеноста на производните и услужни дејности треба да базира на примена на принципите и стандардите за заштита на животната средина, особено нивна превентивна примена и спречување на негативните влијанија врз животната и работна средина.

Користење и заштита на земјоделско земјиште

- Согласно Просторниот план на Република Македонија просторот на Републиката е поделен во **6 земјоделско стопански реони и 54 микрореони. Предметната локација припаѓа на Медитерански или Повардарски**

земјоделско стопански реон поделен на Јужно медитерански со 2 микрореони и Централно-медитерански со 10 микрореони.

- При изработка на предметната документација, неопходно е воспоставување и почитување на ефикасна контрола на користењето и уредување на нормите и стандарди за градба. Меѓу приоритетните определби на Просторниот план е заштитата на земјоделското земјиште, а особено стриктното ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

Водостопанство и водостопанска инфраструктура

- Трасата на подземниот кабелски вод минува преку времен водотек. При изработката на документацијата за водот, да се предвидат мерки со кои ќе обезбеди заштита на просторот при појава на големи води.
- За наводнување на обработливите површини во ВП „Струмичко Радовишко" изградени се системи за наводнување кои покриваат површина од 18.432 ha, а се предвидува проширување за нови 8.300 ha. При изработката на документацијата да се утврди местоположба на постоечката и планираната инфраструктура за наводнување и соодветно на тоа да се предвидат мерки за нивна заштита и непречено функционирање согласно законската регулатива.

Енергетика и енергетска инфраструктура

- Локацијата **за изградба на 10(20)kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село**, нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови., нема конфликт со постојните и планирани енергетски водови.
- За електроенергетските корисници потребно е да обезбеди сигурно и непрекинато снабдување со електрична енергија со напон кој ќе биде во дозволените граници.

Урбанизација и мрежа на населби

- **Изградбата на 10(20)kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село, ќе предизвика позитивни импулси и ефекти врз целото непосредно окружување од аспект на повисока организација, инфраструктурна опременост и уреденост на просторот, доколку е базирана врз принципите на одржлив развој и се одликува со максимално почитување и вградување на нормативите и стандарди за заштита на животната средина.**

Домување

- **Изградбата на 10(20)kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село, е во функција на обезбедување поквалитетни услуги за снабдување на домаќинствата со електрична енергија во овој дел на Р. Северна Македонија, со што се овозможува квалитативно и квантитативно подигнување на комуналната опременост на станот како негова основна клетка.**

Јавни функции

- **Предложената локација за изградба на 10(20)kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село, е надвор од урбаниот опфат на населбите, така што нема препораки и обврски за организација на јавни функции (локации со намена образование, култура, здравство и спорт и рекреација), што значи дека се исклучени можностите за било каков конфликт помеѓу два типа на функции.**

Индустрија

- Со планскиот и организиран начин на ширење на инфраструктурата и создавањето на други погодни услови за локација на производни капацитети во просторот околу општинските центри и во поширокиот рурален простор, се обезбедуваат основи врз кои може да се очекува да се остварува просторната разместеност на индустријата, преку моделот на концентрираната дисперзија.
- **Изградбата на 10(20)kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село, ќе биде во функција на унапредување на енергетскиот сектор.**

Сообраќајна инфраструктура

- **Според Просторниот план на Република Македонија автопатската и магистрална патна мрежа релевантна за предметниот простор е:**
- **А4 (М-6)** - (Граница со Косово-ГП Блаце-крстосница Стенковец-обиколница Скопје-Петровец-Миладиновци-Свети Николе-Штип-Радовиш-Струмица-гр.со Бугарија-ГП Ново Село).
- **Релевантниот регионален патен правец за предметната локација влегува во групата на регионални патишта „Р1" и се со ознака:**
- **Р1302** - (Делчево-врска со А3-Пехчево-Берово-Дабиле-врска со А4);
- **При изработка на планската документација од аспект на безебедноста во Патниот сообраќај, да се почитуваат Законот за јавни патишта, како и важечките Законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област.**

Радиокомуникациска и кабелска електронско комуникациска мрежа

- **Локацијата за изградба на 10(20)kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село, нема конфликт со постојните и планирани радиокомуникациски и кабелски електронско комуникациски мрежи.**
- Преку кабелските електронски комуникациски мрежи, на крајните корисници треба да им се обезбеди сигурен пренос на јавни електронски комуникациски услуги со задоволување на одредени општи и посебни услови за квалитет, во согласност со Законот за електронските комуникации и препораките за обезбедување на одредено ниво на квалитет на пренос.

Заштита на животна средина

- **Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина на просторот за изградба на 10(20)kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во**

законската регулатива од областа на заштита на животната средина и подзаконските акти донесени врз нивна основа.

- Да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности.
- Потенцијалната ерозија на земјиштето треба да се спречи со што е можно побрзо завршување на земјените активности, покривање на околниот терен со вегетација и оградувања на нагибите.
- Озеленување на површините во непосредна близина на трасата (со автохтони видови), со цел да се добие разновиден и богат пејзаж во една просторно - естетска и функционална целина.
- Да се превземат активности за намалување на бучавата и вибрациите од опремата, со цел да се избегнат негативните ефекти од бучавата и да се почитуваат пропишаните гранични вредности за дозволено ниво на бучава во животната средина.
- Помошните и пратечките градежни објекти (магацински објекти за материјали, алати и гориво, и други помошни објекти), кои ќе се користат во фазата на изградба, треба да бидат лоцирани на поголеми растојанија од коритата на водотеците и површините под шуми, квалитетни земјоделски површини, населени места и заштитено и предложено за заштита природно наследство.
- Да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии.
- Организирано управување со отпадот со цел да се минимизира негативното влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.
- Создавачот и/или поседувачот на отпадни материи и емисии ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

Заштита на природно наследство

- **Согласно Студијата за заштита на природното наследство, изработена за потребите на Просторниот план на Република Македонија, на просторот за изградба на 10(20)kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село, нема регистрирано ниту евидентирано природно наследство.**
- Доколку при изработка на документацијата за предметниот простор или при уредување на просторот се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

- Согласно податоците од Експертниот елаборат за заштита на културното наследство и Археолошката карта на Република Македонија[2], на подрачјето на

[2] **МАНУ Скопје, 1996г.**

катастарската општина Сушица, има евидентирани недвижни споменици на културата и археолошки локалитети.
- При изработка на документацијата од пониско ниво да се утврди точна локација на евидентираното културно наследство и во таа смисла да се применат соодветните плански мерки за заштита на истото.
- Доколку при изведување на земјаните работи се наиде на археолошки артефакти, односно дојде до откривање на материјални остатоци со културно-историска вредност, потребно е да се постапи во согласност со постоечката законска регулатива, Законот за заштита културното наследство и важечките законски и подзаконски акти кои ја допираат оваа област, односно веднаш да се запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

Туризам и организација на туристички простори

- **Предметната локација за која што се наменети Условите за планирање, припаѓа на Струмичко-Радовишки туристички регион со утврдени 4 туристички зони и 12 туристички локалитети.**
- **Согласно поставките на Концептот и критериумите за развој и организација на туристичката дејност, за непречен развој на вкупната туристичка понуда на ова подрачје, се препорачува, при идната организација на стопанските дејности да се почитуваат критериумите за заштита и одржлив економски развој.**

Заштита од воени разурнувања, природни и техничко-технолошки катастрофи

- **Локацијата за изградба на 10(20)kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село,** се наоѓа во простори со висок степен на загрозеност од воени дејства. Според тоа во согласност со Законот за заштита и спасување, задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.
- Задолжителна примена на мерки за заштита од пожар.
- **Анализираниот простор се наоѓа во подрачје каде се можни потреси со јачина до VIII степени по МКС**, што наметнува задолжителна примена на нормативно-правна регулатива, со која се уредени постапките, условите и барањата за постигнување на технички конзистентен и економски одржлив степен на сеизмичка заштита, кај изградбата на новите објекти.

Насоки за потребата од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина

- **При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за документацијата на предметниот простор за изградба на 10(20)kV кабелски подземен вод, КО Сушица, Општина Ново Село, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.**

ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Биланс на намена на површините

Користење на земјиштето

Карта бр. 20

Легенда:

- шуми и шумско земјиште
- земјоделско земјиште
- наводнувани површини
- високопланински пасишта
- акумулации
- зони за експлоат. на минерали
- туристички простори
- транзитни коридори
- туристички центри
- автопат
- магистрален пат
- регионален пат
- железничка мрежа
- воздухопловно пристаниште



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти

Тема:
Просторно-функционална организација

Систем на населби и сообраќајна мрежа

Карта бр. 22

Легенда:


Центар на макрорегион
Центар на микрорегион
Центри на просторно-функционални единици
Управа
Просторно-функц. единици
Граници на влијанија на макрорегион. центри
Општински центар

Образование
Средно Вишо Високо

Здравствена заштита
2 Секундарна 3 Терцијална

Оски на развој
источна
југ-север
западна
јужна
северна

Слободна економ.зона
Автопат
Магистрален пат
Регионален пат
Железничка мрежа
Воздухоплов. пристан.
Стопански аеродром
Спортски аеродром



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Техничка инфраструктура

Водостопанска и енергетска инфраструктура

Карта бр. 23

Легенда:

- Изворишта
- Водоводен систем
- Регионален водост. систем
- Акумулации
- Акумулации по 2020г.
- Природни езера
- Наводнувани површини
- Водостопански подрачја
- Термоелектрани
- Хидроелектрани
- Далноводи: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Трафостаници: 110 kV, 220 kV, 400 kV
- Рафинерија
- Нафтовод
- Индустриски топлани
- Рудник на јаглен
- Брикетара
- Гасовод
- Регулациони станици
- Канализационен систем



ИЗВОД ОД ПРОСТОРЕН ПЛАН НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
2002 - 2020

МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

АГЕНЦИЈА ЗА ПЛАНИРАЊЕ НА ПРОСТОРОТ

Сектор:
Синтезни карти


Тема:
Заштита на животната средина

Реонизација и категоризација на просторот за заштита

Карта бр. 24

Легенда:

- Граници на региони за управување со животната средина
- Заштита на простори со природни вредности
- Рекултивација на деград. простори
- Управување со загад. на воздух и вода
- Заштита на реки со нарушен квалитет
- Заштита на акумулации и реки за водозафати
- Рекултивација на деградирани простори
- Заштита на земјоделско земјиште
- Заштита на шуми
- Поволни подрачја за лоцирање регионални санитарни депонии
- Поволни хидрогеолошки средини за лоцирање на депонии
- Споменичко подрачје
- Археолошки локалитети
- Споменички целини



ПОДАТОЦИ, ИНФОРМАЦИИ И МИСЛЕЊА

Д.Г.Т.И.ДОМИНГ ЈТД
Ул. „Илија Алексов“ бб., Радовиш, Македонија
Тел. +389 (0)32 630 240, Моб. +389 (0)78 214 499
www.doming.mk | domingjovan@yahoo.com

До:

Македонски Телекомуникации-Струмица, Македонски телеком АД-Скопје, ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје, ГА-МА АД - Скопје, АЕК Агенција за електронски комуникации, Министерство за култура, Управа за заштита на културно наследство, Министерство за одбрана, Министерство за внатрешни работи, Министерство за Земјоделие, шумарство и водостопанство, АД МЕПСО - Скопје, Јавно претпријатије за државни патишта, АД ВОДОСТОПАНСТВО – Скопје, АД Електрани на Северна Македонија, ДЗС – Струмица, ЈП Водостопанство Струмичко поле, Агенција за цивилно воздухопловство, МЖСПП – Сектор за води, МЖСПП – Сектор за природа, Национални енергетски ресурси, А1 Македонија ДООЕЛ Скопје, Дирекција за технолошки индустриски развојни зони, Министерство за економија, ЈП ЖРСМ Инфраструктура, ЈП Национални шуми Скопје, ЈП Комуна - Ново Село

Бр. 08-154/1
04.07.2025 год.
Радовиш, Р. С. Македонија

Предмет: Барање на согласности / потврди за подземни инсталации

Почитувани,

Поради потребата за изработка на урбанистички проект – Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)KV кабелски подземен вод од врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 565 КО Сушица до врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 5591 КО Сушица, КО Сушица - Општина Ново Село, имаме потреба од податоци и информации за постоечките подземни и надземни инсталации, објекти и градби во Ваша сопственост, а кои ги сечат или минуваат паралелно со новиот урбанистички проект, која е предмет на работа по овој Договор.

Податоците за подземни и надземни инсталации треба да содржат:

1. Текстуален дел
   - Текстуалниот дел да содржи Потврда за постоење или непостоење на подземни и/или надземни инсталации.
2. Графички дел
   - Графичкиот дел да содржи ситуација на подземната и/или надземната инсталација на компанијата или институцијата која располага со истата.
   - За да ја зголемиме точноста на новата проектна документација, Ве замолуваме ако сте во можност графичките прилози да ни ги доставите во векторски формат (.dwg).

Со почит,
Доминг ЈТД Радовиш

Управител:
Јован Костадинов д.г.и.

Ул. „Илија Алексов“ бб.,
2420 Радовиш,
Р. С. Македонија

+389 (0)32 630 240
+389 (0)78 214 499
+389 (0)75 431 132

www.doming.mk
info@doming.mk
domingjovan@yahoo.com

270-0520979001-22
Халк Банка
МК 4023998107436

ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ

Градежништво | Наводнување | Водовод и Канализација | Опрема за бањи
Проектирање | Ревизија | Изградба | Надзор | Консалтинг
Трговија | Монтажа | Сервис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup

Примено E pranuar 18-07-2025			
Орг. Ед. Nj. org.	Број Numër	Прилог Shtojcë	Вредност Vlera

До: Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за води

Бр. 08-154/4
04.07.2025 год.
Радовиш, Р. С. Македонија

Предмет: Барање на согласности / потврди за подземни инсталации

Почитувани,

Поради потребата за изработка на урбанистички проект – Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)KV кабелски подземен вод од врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 565 КО Сушица до врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 5591 КО Сушица, КО Сушица - Општина Ново Село, имаме потреба од податоци, информации и мислења за постечките подземни и надземни инсталации, објекти и градби во Ваша сопственост, а кои ги сечат или минуваат паралелно со новиот урбанистички проект, која е предмет на работа по овој Договор.

Податоците за подземни и надземни инсталации треба да содржат:

1. Текстуален дел
   - Текстуалниот дел да содржи Потврда за постоење или непостоење на подземни и/или надземни инсталации.

2. Графички дел
   - Графичкиот дел да содржи ситуација на подземната и/или надземната инсталација на компанијата или институцијата која располага со истата.
   - За да ја зголемиме точноста на новата проектна документација, Ве замолуваме ако сте во можност графичките прилози да ни ги доставите во векторски формат (.dwg).

Со почит,
Доминг ЈТД Радовиш

Управител:
Јован Костадинов д.г.и.

Ул. „Илија Алексов“ бб.,
2420 Радовиш,
Р. С. Македонија

+389 (0)32 630 240
+389 (0)78 214 499
+389 (0)75 431 132

www.doming.mk
info@doming.mk
domingjovan@yahoo.com

270-0520979001-22
Халк Банка
МК 4023998107436

ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ

Градежништво | Наводнување | Водовод и Канализација | Опрема за бањи
Проектирање | Ревизија | Изградба | Надзор | Консалтинг
Трговија | Монтажа | Сервис

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ - Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETESOR
DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR - Shkup

Примено E pranuar 18-07-2025			
Орг. Ед. Nj. org.	Број Numër	Прилог Shtojcë	Вредност Vlera

До:
Министерство за животна средина и просторно планирање - Сектор за природа

Бр. 08-154/5
04.07.2025 год.
Радовиш, Р. С. Македонија

Предмет: Барање на согласности / потврди за подземни инсталации

Почитувани,

Поради потребата за изработка на урбанистички проект – Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)KV кабелски подземен вод од врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 565 КО Сушица до врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 5591 КО Сушица, КО Сушица - Општина Ново Село, имаме потреба од податоци, информации и мислења за постечките подземни и надземни инсталации, објекти и градби во Ваша сопственост, а кои ги сечат или минуваат паралелно со новиот урбанистички проект, која е предмет на работа по овој Договор.

Податоците за подземни и надземни инсталации треба да содржат:

1. Текстуален дел
   - Текстуалниот дел да содржи Потврда за постоење или непостоење на подземни и/или надземни инсталации.

2. Графички дел
   - Графичкиот дел да содржи ситуација на подземната и/или надземната инсталација на компанијата или институцијата која располага со истата.
   - За да ја зголемиме точноста на новата проектна документација, Ве замолуваме ако сте во можност графичките прилози да ни ги доставите во векторски формат (.dwg).

Со почит,
Доминг ЈТД Радовиш

Управител
Јован Костадинов д.п.и.

Ул. „Илија Алексов" бб.,
2420 Радовиш,
Р. С. Македонија

+389 (0)32 630 240
+389 (0)78 214 499
+389 (0)75 431 132

www.doming.mk
info@doming.mk
domingjovan@yahoo.com

270-0520979001-22
Халк Банка
МК 4023998107436

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост

ул. Булевар Свети Климент Охридски бр.54, Скопје,
поштенски фах: 583
тел. 02 6090-137, 02 3118 555
e-mail: contact@nomagas.com.mk
www.nomagas.com.mk
ЕМБС: 7649467

Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас НОМАГАС Скопје во државна сопственост, Shoqëria Aksionare për ushtrimin e veprimtarisë energjetike përcjelli i gazit natyror NOMAGAS Shkup në pronësi shtetërore

Бр.-Nr. 08-3114/2
04.07 2025 год.viti.
Скопје-Shkup

До: **Друштво за градежништво, трговија и инженеринг увоз-извоз ДОМИНГ ЗТД**

Предмет: **Одговор на барање**

Врска: **Барање податоци и информации,** ваш бр. 08-154/1 од 04.07.2025 година

Согласно вашето Барање податоци и информации, ваш бр. 08-154/1 од 04.07.2025 година, за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)KV кабелски подземен вод од врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 565 КО Сушица до врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 5591 КО Сушица, КО Сушица - Општина Ново Село.

НОМАГАС АД Скопје ве известува дека на наведениот плански опфат **нема** изградено ниту има планирано гасоводна мрежа.

Со почит,

Изготвил:
Анита Тевдовска дипл.инж.арх.

Постапка:
73064

НОМАГАС АД Скопје
По овластување на директорот,
Раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем
Оливера Костанчева

07 јули 2025

Архивски број: 09-351/2

ДО
ДГТИ „ДОМИНГ ЈТД" Радовиш

Предмет: Податоци, доставува.-
Врска: Ваш акт бр.08-154/1 од 04.07.2025 година.-

Согласно чл. 32 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање Дирекцијата за заштита и спасување Подрачно одделение Валандово информира:

Почитувани,

Ве известуваме дека Дирекцијата за заштита и спасување не располага ниту има податоци за постоечка или планирана инфраструктура на планскиот опфат за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)KV кабелски подземен вод од врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 565 КО Сушица до врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 5591 КО Сушица, КО Сушица - Општина Ново Село.**

Исто така, во прилог на дописот, Дирекцијата за заштита и спасување Ви доставува претходни услови за заштита и спасување со цел истите да се вградат при изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)KV кабелски подземен вод од врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 565 КО Сушица до врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 5591 КО Сушица, КО Сушица - Општина Ново Село.**

Во делот **МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ,** да се опфатат следните мерки:

1. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработка на Основен проект за објектите кои се предвидува да бидат изградени од цврста градба (придружни објекти), треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. Весник на РСМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 18/11 и 93/12), Законот за пожарникарство (Сл. Весник на РСМ бр 67/04, 81/07, 55/13) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.
Во однос на заштитата од пожари, во наведената документација да се реши и громобранската инсталација, со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата од урнатини, како превентивна мерка, се утврдува во урбанистичките решенија во текот на планирање на просторот, урбанизирање на населбите и изградбата на објектите.
Во урбанистичките решенија се утврдува претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини и степенот на проодност на

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение за заштита
и спасување Струмица
ул. „Моша Пијаде" 66
2400 Струмица
Република Северна Македонија
Тел.034328885
076 475429
e-mail: Strumica@dzs.gov.mk

сообраќајниците. При проектирањето да се води сметка да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.
Заштитата од урнатини се обезбедува со изградба на оптимално отпорни објекти согласно сеизмолошката карта на РСМ, кои се изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ, УРИВАЊЕ НА БРАНИ И ДРУГИ АТМОСФЕРСКИ НЕПОГОДИ

При изработка на Урбанистичката Планска Документација да се предвидат и пропишат мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосверски непогоди согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04 и 86/08), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

4. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД СВЛЕКУВАЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО

При изработка на Државната урбанистичка планска документација, со оглед на конфигурацијата на теренот, претпоставува можно настанување на свлекување на земјиштето, потребно е да се изготви елаборат од извршени геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања.

5. РАДИОЛОШКА, ХЕМИСКА И БИОЛОШКА ЗАШТИТА

Да се предвидат мерките за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Согласно Проценатa на загрозеност од природни непогоди и другинесреќи на опфатот за кој се однесува урбанистичкиот план, а имајки ги предвид одредбите од Законот за заштита и спасување-пречистен текст (Сл. Весник на РСЛ бр. 93/12), може да се вградат и други мерки за заштита и спасување.
Исто така, при проектирањето, да се имаат предвид одредбите од Правилникот за мерки за заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи. (Сл весник на РСМ број 32/11), како и обврската при изградба на објекти да се изготвува техничка документација – елаборат за заштита од пожари, експлозии и опасни материи кој е дел од процесот за добивање на одобрение за градење.

Откако ќе ги разработите и вградите условите за заштита и спасување во Урбанистичката документација за **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)KV кабелски подземен вод од врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 565 КО Сушица до врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 5591 КО Сушица, КО Сушица - Општина Ново Село** да ја доставите до Дирекцијата за заштита и спасување, за да добиете мислење за застапеност на мерките за заштита и спасување.

ПОДРАЧНО ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ СТРУМИЦА
Овластено лице
Марјан Даутов

Marjan Dautov

Digitally signed by Marjan Dautov
DN: c=MK, ou=VAT - 1030004532350, ou=Podracno oddelenie Strumica, 2.5.4.97=NTRMK-5941024, o=Direkcija za zashtita i spasuvanje, serialNumber=243893, title=Rakovoditel na podracno oddelenie Strumica, sn=Dautov, givenName=Marjan, cn=Marjan Dautov
Date: 2025.07.07 07:53:12 +02'00'

Доставено до:
- Насловот
- Архива

Дирекција за заштита и спасување
Подрачно одделение за заштита и спасување Струмица
ул. „Моша Пијаде" 66
2400 Струмица
Република Северна Македонија
Тел.034328885
076 475429
e-mail: Strumica@dzs.gov.mk

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр: 73064
Дата: 07.07.2025

До
ДОМИНГ ЈТД Радовиш
Ул.Илија Алексов ББ, 2420 Радовиш

Ваше упатување Барање на податоци и информации

Наше контакт лице Тони Илиевски, Мица Цониќ-Кепевска

Телефон +389 70 200 045; +389 70 300 292

Во врска со Известување за планирани и постојни тк инсталации

Почитувани,

Во врска со Вашето Барање, добиено преку системот е-урбанизам, со кое што барате податоци и информации за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)KV кабелски подземен вод од врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 565 КО Сушица до врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 5591 КО Сушица, КО Сушица - Општина Ново Село, Ве известуваме дека во границите на планскиот опфат има постојна МКТ инфраструктура аплицирана на графичкиот прилог.

Напомена: Информациите содржани во овој документ се доверливи и тие се наменети за користење само од страна на примателот. Примателот е обврзан да превземе разумно ниво на грижа заради заштита на доверливите информации содржани во документот. Воедно, примателот е обврзан документот или било кој дел од неговата содржина да не го открива или дистрибуира на трети лица кои не се засегнати со актуелниот предмет, а заради спречување на можни злоупотреби.

Прилог: Информации во електронска форма прикачени во постапката.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

Elizabeta Maneva
Digitally signed by Elizabeta Maneva
Date: 2025.07.08 08:56:23 +02'00'

КО СУШИЦА

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup

Јавно претпријатие за железничка инфраструктура
Железници на Република Северна Македонија - Скопје
Ndërmarrja Publike për Infrastrukturë Hekurudhore
Hekurudhat e Republikës së Maqedonisë së Veriut - Shkup
БР./Nr. 20-2809/2
10-07-2025 год./vit
Скопје Shkup

До

ДОМИНГ ЈТД

ул.Илија Алексов“ бб.

2420 Радовиш

Предмет: Одговор на барање

Во врска со Вашиот допис со број 08-154/1 од ден 04.07.2025 година и број на постапка 73064 од Е-урбанизам, со кој барате да Ви доставиме податоци и информации кои Ви се потребни за изработка на **„Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)KV кабелски подземен вод од врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 565 КО Сушица до врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 5591 КО Сушица, КО Сушица - Општина Ново Село“**, ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје Ве информира:

По разгледување на Вашето барање и доставената Ажурирана геодетска подлога, констатиравме дека проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитниот појас на железничката пруга, на предметната локација нема планирани и постојни инсталации и објекти кои се во наша сопственост.

Со почит,

Раководител на Сектор за Инвестиции

Ѓорѓи Пушев

Изработил: Александар Равњашки

Проверил:. Ивана Бикоска

Согласен: Добрила Илиева

Ул. Јордан Мијалков бр. 50-б, 1000 Скопје. П. фах 543 | Тел. +389 (0) 23 227 903 | Факс: +389 (0) 22 462 330
Rr. Jordan Mijalkov nr. 50-b, 1000 Shkup, K. Postal 543 | Tel. +389 (0) 23 227 903 | Faks: +389 (0) 22 462 330
www.mzi.mk | e-mail:info@mzi.mk

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр 10-55/6-306 од 15.07.2025
Скопје

Одговорно лице: Миле Сарески
Контакт телефон: 072-931-116

Предмет: Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис број 08-154/1 од 04.07.2025 година, со кој барате да Ви издадеме податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)KV кабелски подземен вод од врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 565 КО Сушица до врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 5591 КО Сушица, КО Сушица - Општина Ново Село.Ве известуваме дека во согласност со податоците од службената евиденција, располагаме со следните податоци:

☐ 110(35)kV Трафостаница
☐ 110kV Подземна мрежа
☐ 110kV Надземна мрежа
☐ 35kV Подземна мрежа
☐ 35kV Надземна мрежа
☒ 10(20)/0.4kV Трафостаница
☒ 10(20)kV Подземна мрежа
☒ 10(20)kV Надземна мрежа
☒ 0.4kV Подземна мрежа
☒ 0.4kV Надземна мрежа
☐ Друго

Составен дел на овој одговор е и прилог – графички приказ (подлога во pdf и dwg формат со соодветно обележани леери) со вцртани електроенергетски објекти и инфраструктура според податоците од службената евиденција.

НАПОМЕНА: Податоците кои ви ги даваме се од наша службена евиденција и постои можност да има отстапување во точноста на координатите на електроенергетските објекти на терен. Задолжително да се изготви ажурирана геодетска подлога која треба точно да ги претставува положбените и висинските податоци за сите видливи природни и изградени објекти под и над површината на земјата во рамки на опфатот.

Препорачуваме при изработката на планската документација, а соодветно на типот на документација за која се бараат податоци, да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа и маркици за трансформаторски станици (согласно потребната потрошувачка). Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.


Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

При постоење на подземна инфраструктура во дадениот опфат, потребно е да се обратите до најблискиот Корисничко Енерго Центар, за проценка дали е потребно присуство на стручен вработен на лице место при реализирањето на активностите во предметниот опфат.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација. Еден од условите за позитивно мислење за одобрение за градење е претходно реализирана дислокација и/или промена предвидена во постапката за е-урбанизам (услови издадени од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје)

Потврдата е од ограничено времетраење во рок од 3 месеци од датумот на нејзиното издавање.
Со почит,
Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Mile Sareski
Digitally signed by Mile Sareski
Date: 2025.07.15 07:19:39 +02'00'



АД Водостопанство на РСМ - Скопје
SHA Ekonomia e Ujërave të RMV-Shkup

ул. 3 - та Македонска бригада 1 бр.10 а Скопје тел. 02/5116-401;02/5116-402
rr. Brigada e 3- të Maqedonase 1 nr. 10 a Shkup tel. 02/5116-401; 02/5116-402
jpvodostopanstvo@yahoo.com / advodostopanstvo_rm@hotmail.com

До: ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ (ул. Илија Алексов бб, Радовиш)

Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост
Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore
Бр.-Nr. 11-2236/4
14.07 2025 год./viti
Скопје/Shkup

Предмет: Одговор на барање
Врска: Наш Арх. бр. 11-2236 од 04.07.2025

ОДГОВОР НА БАРАЊЕ

Почитувани,
Во врска со Барањето за податоци и информации со број 08-154/1 од 04.07.2025 од ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)KV кабелски подземен вод од врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 565 КО Сушица до врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 5591 КО Сушица, КО Сушица - Општина Ново Село,

Ве известуваме:
Според приложената документација во границите на предметниот проектен опфат, АД "Водостопанство на РСМ" **нема** водостопански објекти и водостопански инсталации.

Со почит,

Изработил: Дениз Јонуз

Контролирал: Слободан Дојчинов

Одобрил:
Технички Директор: Љубе Димов

АД "Водостопанство на РСМ" - Скопје
Главен извршен директор
Филип Филиповски

Акционерско друштво Водостопанство на Република Северна Македонија во државна сопственост * Скопје Shkup * Shoqëria Aksionare Ekonomia e Ujërave e Republikës së Maqedonisë së Veriut në pronësi shtetërore

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство
Ministria e Bujqësisë, Pylltarisë dhe Ekonomisë së Ujërave
Бр. - Nr 40-9204/2
11.07.2025 год. - viti
Скопје / Shkup

СЕКТОР ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ, УПРАВУВАЊЕ, УНАПРЕДУВАЊЕ И ПРОДАЖБА НА ЗЕМЈОДЕЛСКО ЗЕМЈИШТЕ ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ

11.07. 2025

АРХИВСКИ БРОЈ: **40 – 9204/ 2**

ДО: **Доминг ЈТД, Радовиш**
Ул, Илија Алексов бб Радовиш

ПРЕДМЕТ: **Известување**

Почитувани,

Во врска со Вашето **Барање податоци и информации под бр.08-154/1 од 04.07.2025 година**, согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.32/20), **за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)КV кабелски подземен вод од врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)КV на КП 565 КО Сушица до врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)КV на КП 5591 КО Сушица, КО Сушица - Општина Ново Село,** Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство Ве известува со следното:

Согласно доставената документација и увидот во истата констатирано е дека:

-Катастрските парцели 565 и 5591 за КО Сушица со наведените катастарски култури јавен пат (ГИЗ) и (ЗПЗ-1) се неземјоделско земјиште.

Со почит,

Раководител на сектор
Жанета Горгиевска

Изработил: Анѓа Симоновска
Контролирал: Розе Димовска
Согласен: Аднан Алии

Максим Горки бр.4, 1.000 Скопје

Т: Кабинет на генерален директор
+ 389 (0) 2 3 149 811

Подружница ОЕПС
+ 389 (0) 2 3 149 814

Подружница ОПМ
+ 389 (0) 2 3 149 813

Ф: + 389 (0) 2 3 111 160

www.mepso.com.mk

Бр.11-4131/1

14.07.2025

До

Доминг ЈТД

Ул. „Илија Алексов“ бб.,

2420 Радовиш

Предмет: Податоци за постојни и планирани електроенергетски објекти

Врз основа на Вашето барање, предмет креиран на Е-урбанизам на 04.07.2025 година со број на постапка 73064 пристигната преку e-mail на 04.07.2025 година, (наш број 11-4131 од 14.07.2025 година) за податоци и информации потребни за изработка **на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)KV кабелски подземен вод од врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 565 КО Сушица до врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 5591 КО Сушица, КО Сушица - Општина Ново Село.**Ве известуваме дека предметниот плански опфат **НЕ СЕ ПРЕСЕКУВА** со ЕЕ Објекти во сопственост на АД МЕПСО.

Изработил: Дејан Калпачки

Проверил: Јасмина Ставрова

Одобрил : Semijal Ziberi

Генерален Директор

Doc.d-r Burim Latifi

Ул. Булевар "Св. Климент Охридски" Бр.68, Скопје-Центар
Тел. ++389 (0)2 2580080

Бр./Nr. 09-23/310
18 07 2025 20 ___год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

До
ДОМИНГ ЈТД
Ул."Илија Алексов" б.б
2420 Радовиш
Р.С.Македонија

Предмет : Одговор на Барање ваш број 08-154/1 од 04.07.2025 година
(За постапка бр.73064)

Почитувани,

Во врска со вашето барање,добиено преку системот е-урбанизам за барање на согласности/потврди за подземни инсталации а поради потреба за изработка на урбанистички проект – Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)KV кабелски подземен вод од врска со планиран подземен кабелски вод10(20)KV па КП 565 КО Сушица до врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 5591 КО Сушица,КО Сушица - Општина Ново Село,Ве известуваме дека согласно податоците наведени во барањето и ажурираните геодетски подлоги нема катастарски парцели култура шума и шумско земјиште во сопственост на РС Македонија кои се во надлежност на ЈП "Национални шуми"п.о.-Скопје .

Скопје,
18.07. 2025 год.

Изработил:
дипл.шум.инж.Звенко Костовски

ЈП "Национални шуми" п.о.-Скопје
Помошник Директор
Сектор за шумарство
дипл.шум.инж.Владимир Бибоски

Република Северна Македонија
Министерство за култура и туризам
Управа за заштита на културното наследство

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e Kulturës dhe e Turizmit
Drejtoria për mbrojtjen e Trashëgimisë kulturore

Бр. 17-2603/2
04-08-2025 година
Скопје

ДО
ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ
ул.„Илија Алексов“ бб
2420 Радовиш

Предмет: Доставување податоци
Врска: Ваше барање бр.08-154/1 од 04.07.2025 година

Во врска со вашето барање за добивање податоци за постоење на културно наследство за изработка на **урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 - Инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)KV кабелски подземен вод од врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 565 КО Сушица до врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)KV на КП 5591 КО Сушица, КО Сушица - општина Ново Село,** Управата за заштита на културното наследство ја разгледа доставената и постојната документација и констатира дека во границите на опфатот не постои културно наследство, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на планот се појави археолошко наоѓалиште, односно предмети од археолошко значење, треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија” бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Со почит,

Директор
Весела Чешоева

Изработил: м-р А. Петковска 30.07.25
Проверил/Одобрил: м-р Б. Јовановска
30-07-2025

ЕЛАБОРАТ ЗА АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА

Д.Г.Т.И.ДОМИНГ ЈТД
Ул. „Илија Алексов“ бб., Радовиш, Македонија
50	Оризови полиња	1–4	сите	0.45
60	Култивирано земј.	1–4	сите	0.45
70	Голи површини	1–4	сите	0.65
80	Снег и мраз	1–4	сите	0.75
90	Водени површини	1–4	сите	1
95	Мочуришта	1–4	сите	0.825
100	Урбани области	1–4	сите	0.825

За нашиот слив конкретно согласно анализите го имаме следното:

ESA	Slope_Class	C_value	Area
10	1–4	0.175	264873.6733
20	1–4	0.225	683638.5739
30	1–4	0.25	552913.2156
40	1–4	0.3	299061.0696
50	1–4	0.45	28614.06136
60	1–4	0.45	38235.41151

Коефициентот С ќе го добиеме кога Sum(C_value*Area)/Sum(Area)

За конкретниов случај С изнесува 0.24



Слика 2. Мапа на сливот според класи на земјиштето

3.3.2. Време на концентрација

Основен параметар кој се применува при пресметување на хидрограмот на отекување од сливните површини е времето на концентрација. Времето на концентрација на сливот претставува време потребно површинскиот истек да го помине патот од хидраулички најодалечената точка во сливот до профилот за кој се врши пресметување на големите води. Големината на времето на концентрација зависи од типот и карактеристиките на сливната површина, односно од: наклонот на сливот, неговата површинска рапавина, инфилтрационите карактеристики, површинските депресии интензитетот на дождот како и хидрауличките карактеристики на постојните водотеци. Најчесто

се применуваат емпириски изрази за пресметување на оваа големина, а во оваа студија како најсоодветен израз користен е изразот предложен од И.Х Јарослав Черни од Белград :

$$Tc = 1.864 \cdot F^{0.39} \cdot S_s^{-0.31} \quad [час]$$

Каде што:

F – површина на сливот [km^2]


S_s – пад на сливот [‰]

Во наредната Табела 2. дадени се пресметките на времето на концентрација за сливната површина која што гравитира кон водотекот до дадениот профил.

Табела 2. Определување на време на концентрација

Ознака	Површина			Пад на слив	Време на концетрација
	F [km2]			S_S	T_C
	Соп.	Транз.	Вкупно	[‰]	[час]
F_1	1.91	0.00	1.91	50.21	0.71

Врз основа на вака определеното време на концентрација Тс за сливната површина, се отчитуваат соодветните интензитети на меродавните врнежи од Слика 2.



Слика 2. И-Т-Ф Дијаграм

За вака дефинираните параметри со помош на Рационалната метода се определени меродавните големи води и истите се прикажани во Табела 4.

Табела 3. Параметри за пресметка на меродавните протеци според Рационална метода

Ознака	Површина	Коефициент на отекување	Интензитет на дождот			
	F	C	$i_{10\ год.}$	$i_{50\ год.}$	$i_{100\ год.}$	$i_{1000\ год.}$
	[km^2]		[mm/h]	[mm/h]	[mm/h]	[mm/h]
F_1	1.91	0.24	37.17	49.70	55.07	72.80

Табела 4. Меродавни протеци според Рационална метода

Ознака	Површина	Коефициент на отекување	Меродавен протек			
	F	C	$Q_{10\ год.}$	$Q_{50\ год.}$	$Q_{100\ год.}$	$Q_{1000\ год.}$
	[km^2]		[m^3/s]	[m^3/s]	[m^3/s]	[m^3/s]
F_1	1.91	0.24	4.74	6.33	7.02	9.28

3.4. Метод на синтетички хидрограм

Според методот на синтетички хидрограм определувањето на максималната ордината на хидрограмот на истекувањето се добива преку следниот израз:

$$P_E \cdot F = \frac{Q_{max} \cdot T_B}{2} \quad ; \quad Q_{max} = \frac{2 \cdot P_E \cdot F}{T_B}$$

Каде што:

P_E – ефективни врнежи [mm]
F – површина на сливот [km^2]
Q_{max} – максимална ордината на хидрограмот на истекување [m^3/s]
T_B – база на хидрограмот на истекување [час]

Определувањето на ефективните врнежи се врши со методата SCS (Soil Conservation Servise) во која се користи следниот израз:

$$P_E = \frac{(P - 0.2 \cdot d)^2}{P + 0.8 \cdot d} \ [mm]$$

Каде што:

P – бруто врнежи [mm]

d – дефицит на влажноста на земјиштето изразено во [mm] кој зависи од видот и покриеноста на почвата со вегетација. Дефицитот на влажност на земјиштето се доведува во врска со бројот CN кој се пресметува со следниот израз:

$$CN = \frac{1000}{10+0.0394 \cdot d}\,; \qquad d = 25.38 \cdot \left(\frac{1000}{CN} - 10\right)\ [mm]$$

3.4.1. Определување на CN бројот

За да го определиме CN бројот и воедно да имаме поточна пресметка неопходно е да користиме подлоги со инфорамции за водопропустливоста и типот на покриеноста на почвата. Во рамките на оваа хидролошка студија се користени следните подлоги **CORINE LAND COVER- EUROPEA SEAMLESS DATABASE 2020** за превземање на информации за типот на покриеноста на почвата дадено во табелата подолу. Бидејќи во табелата подолу се дадени и тип A, B, C и D што значи колку е водопропусна почвата неопходно е да користиме уште една подлога **HYDROLOGIC SOIL GROUP raster 250x250m** за определување кој тип на покриеност во која група на водопропустловст спаѓа. И врз основа на погоре опишаните подлоги го определуваме CN бројот. Следната табела ги дава CN броевите за типот на покриеноста и пропустливоста.

Табела 5. Вредности за бројот CN и коефициентот на manning за земјишни комплекси:

DN	Типови на површини	A	B	C	D	Manning
1	Континуирано урбано подрачје	89	92	94	95	0.013
2	Дисконтинуирано урбано подрачје	77	85	90	92	0.013
3	Индустриски или комерцијални единици	81	88	91	93	0.013
4	Патни и железнички мрежи и придружно земјиште	83	89	92	93	0.013
6	Аеродром	83	89	92	93	0.013
7	Места за екстракција на минерали	81	88	91	93	0.013
8	Депонии	81	88	91	93	0.013
9	Градишта	77	86	91	94	0.013
10	Зелени урбани области	49	69	79	84	0.025
11	Спортски и рекреативни објекти	49	69	79	84	0.025
12	Обработливо земјиште што не се наводнува	60	72	80	84	0.03
14	Полиња со ориз	66	77	85	89	0.03
15	Лозја	43	65	76	82	0.08
16	Овошни дрвја и насади со бобинки	43	65	76	82	0.08
18	Пасишта	30	58	71	78	0.035
20	Комплесни обрасци на одгледување	59	74	82	86	0.04
21	Земјиште главно окупирано од земјоделство со значителни површини природна вегетација	59	74	82	86	0.05
22	Агрошумарските површини	43	65	76	82	0.06
23	Широколисна шума	36	60	73	79	0.1

24	Иглолисни шуми	36	60	73	79	0.1
25	Мешана шума	36	60	73	79	0.1
26	Природни пасишта	39	61	74	80	0.04
27	Маври и вртови	30	35	47	55	0.05
28	Склерофилна вегетација	25	55	70	77	0.05
29	Преодна шумска грмушка	35	56	70	77	0.06
30	Плажи	55	72	81	86	0.025
31	Голи карпи	77	86	91	94	0.035
32	Области со ретка вегетација	74	83	88	90	0.027
33	Изгорени површини	77	86	91	94	0.025
35	Внатрешни мочуришта	98	98	98	98	0.04
40	Водни текови	100	100	100	100	0.05
41	Водни тела	100	100	100	100	0.05

Табела 6. Hydrologic soil group табела:

DN	Водопропусливост
1	HSG-A: low runoff potential (>90% sand and <10% clay)
2	HSG-B: moderately low runoff potential (50-90% sand and 10-20% clay)
3	HSG-C: moderately high runoff potential (<50% sand and 20-40% clay)
4	HSG-D: high runoff potential (<50% sand and >40% clay)
11	HSG-A/D: high runoff potential unless drained (>90% sand and <10% clay)
12	HSG-B/D: high runoff potential unless drained (50-90% sand and 10-20% clay)
13	HSG-C/D: high runoff potential unless drained (<50% sand and 20-40% clay)
14	HSG-D/D: high runoff potential unless drained (<50% sand and >40% clay)

За определување на CN бројот се користени табела 5 и табела 6. Сливната површина добиена со софтверот HEC-HMS е употребена во софтверот QGIS и притоа се искомбинирани податоците од картите споменати погоре и табелите 5 и 6. Комбинираните податоци за типот на покриеност на тлото и водопропустливоста се дадени во првата колона од табела 7. За секоја таква комбинација е пресметана површината и за секоја таква површина во согласност со податоците од табелите е отчитана вредност за CN бројот. За определување на CN бројот се користи следната формула:

$$CN=\frac{\sum Ai*CNi}{\sum Ai}$$

Табела 7. Приказ на пресметките за CN бројот.

За анализираниот слив овој CN број изнесува 72.54

Пресметка на CN бројот			
Land_HSG	Површина	**CN**	**CN*A/10^4**
29_3	1453070.169	70	10171.49118
2_3	40091.25333	90	360.8212799
12_3	400901.1956	80	3207.209565
sum=	1894062.618	CN=sum(CN*A)/sum(A)=	72.54

Слика 3. Земјани комплекси во зависност од формата на сливната површина.



Базата на хидрограмот на истекување е определена со изразот:

$$T_B = T_P + T_R \quad [\text{час}]$$

Каде што:

T_R – време на опаѓање на хидрограмот кое се определува со следниот израз:

$$T_R = T_p \cdot k \quad [\text{час}]$$

T_P – време на пораст на хидрограмот кое се определува со следниот израз:

$$T_P = \left(\frac{T_K}{2} + T_C\right) \cdot \frac{3}{k+2} \quad [\text{час}]$$

Каде што:

Тк – траење на ефектините врнежи и се определува според изразот на Соколовски:

$$T_K = T_C \cdot (1 + T_C)^{-0.2} \quad [\text{час}]$$


K – однос помеѓу времето на пораст и времето на опаѓање (k≥1). Во овој случај k=1.

Со определените вредности на времето на концентрација Тс и времетраењето на ефективните врнежи се дефинирани карактеристиките на хидрограмот на истекувањето, кои се прикажани во Табела 7. Меродавните големи води се определени врз основа на дефинирани вредности на бруто врнежи со одредена повторливост на појавата, кои се отчитани од дијаграмот В-Т–Ф (Врнежи–Траење–Фреквенција) за метеоролошка станица Скопје прикажан на Слика 4. Соодветната постапка за определување на меродавните големи води според методот на Синтетички хидрограм е спроведена во Табела 9., а меродавните количини се дадени во Табела 10.

Табела 7. Карактеристики на хидрограмот на истекување

Ознака	Време на концетрација	Време на концетрација	K	Траење на ефек. врнежи	Време на пораст	Врееме на опаѓање	База на хидрограмот
	T_C	T_C		T_K	T_P	T_R	T_B
	[час]	[мин]		[час]	[час]	[час]	[час]
F_1	0.70	42.23	1	0.63	1.02	1.02	2.04

На наредната Слика 3. се прикажани дијаграми В–Т–Ф (Врнежи–Траење–Фреквенција) за метеоролошка станица Скопје.



Слика 4. B-T-Ф Дијаграм

Табела 8. Големи води според метод на синтетички хидрограм

Ознака Сливна површ.	Повратен период	Бруто врнежи P	CN	Дефицит на влага d	Ефективни врнежи P_e	Qmax
[km²]	[год]	[mm]		[mm]	[mm]	[m³/s]
F_1	10	36.98	72.54	96.15	2.77	1.44
	50	49.43	72.54	96.15	7.22	3.75
	100	54.79	72.54	96.15	9.60	4.99
	1000	47.47	72.54	96.15	6.41	3.33

Табела 9. Меродавни протеци според метод на синтетички хидрограм

Ознака	Површина	Меродавен протек			
	F	$Q_{10\ год.}$	$Q_{50\ год.}$	$Q_{100\ год.}$	$Q_{1000\ год.}$
	[km²]	[m³/s]	[m³/s]	[m³/s]	[m³/s]
F_1	1.91	1.44	3.75	4.99	3.33

3.5. Заклучок

За определување на големата вода во рамките на оваа хидролошка студија користени се неколку методи: Рационална метода и метод на Синтетички хидрограм. Бидејќи сливната површина во рамките на оваа хидролошка студија изнесува 96.80 km^2, се земе предвид само методот на Синтетички хидрограм бидејќи станува збор за голем слив. Хидрауликата е направена за дел од природно речно корито каде поминува проектираниот цевковод.

Во продолжение е прикажана табела со усвоени меродавни протоци:

Табела 10. Усвоени меродавни протеци

Ознака	Меродавен протек			
	$Q_{10\ год.}$	$Q_{50\ год.}$	$Q_{100\ год.}$	$Q_{1000\ год.}$
	[m^3/s]	[m^3/s]	[m^3/s]	[m^3/s]
F_1	4.74	6.33	7.02	9.28

4. ХИДРАУЛИЧКИ ПРЕСМЕТКИ

4.1. Општо

Течењето во природните речни корита и канали може да се третира како стационарно заради спорите промени на протечните количини во текот на времето, но истото мора да се анализира како променливо заради честите промени на геометриските карактеристики на текот, на надолжниот пад, промените на рапавината и др.

Поради обработката на ниво на Студија, течењето е третирано како стационарно непроменливо течење.

4.2. Резултати од хидрауличките пресметки

Во оваа Студија е побарано да се добие максималната ширина на горниот дел на коритото за да се пренесе во Урбанистичко планската документација. Поради тоа што во речното корито не се направени детални геодетски снимки, пресметките се вршени со средниот надолжен наклон. Во случај да на некои делници се појави наклон помал од средниот усвоен наклон, да се пристапи кон задржување на горната ширина на коритото, а со намалување на попречните косини на коритото. Со тоа би се зголемил попречниот профил на коритото, но затоа пак ќе треба да се пристапи кон зајакнување на косините на тие делници. Во продолжение се дадени хидрауличките пресметки за коритото на водотекот.

Табела. Хидраулички параметри


Сливна површина - Река/канал	Метод	Коефициент на рапавина	Наклон	Нормална длабочина	Наклон на лева косина	Наклон на десна косина	Ширина на дно	Височина на канал	Горна широчина на канал	Проток	Натопена површина	Натопен периметар	Хидрауличен радиус	Ширина на водно огледало	Критична длабочина	Критичен наклон	Брзина	Фрудов број	Вид на течење
			m/m	m	m/m (H:V)	m/m (H:V)	m	m	m	m^3/s	m^2	m	m	m	m	m/m	m/s		
Дол	Manning Formula	0.03	0.01	1.05	1	1	1.5	1.35	4.2	6.33	2.69	4.48	0.60	3.61	0.98	0.01	2.69	0.87	субкритично

5. Заклучок:

Според направената хидрауличка анализа на речното корито добиени се следните карактеристики на попречените пресеци на коритото:

Попречен пресек на Анска Река на КП 849/2 КО Раброво

Метод на пресметка	Manning Formula	
Коефициент на рапавина	0.03	
Надолжен наклон	0.009	m/m
Нормална длабочина	1.05	m
Наклон на лева косина	(Природно корито)	m/m (H:V)
Наклон на десна косина	(Природно корито)	m/m (H:V)
Ширина на дно	(Природно корито)	m
Протек	6.33	m³/s



Напомена: Усвоен е наклон помал од критичниот иако природниот наклон на дното е доста поголем. Истото е направено со цел постигнување на субкритично течење. Нивелетата ќе се постигне со поставување на каскади чија големина и локација ќе биде попрецизно детерминирана при изработка на подетална документација, како Основни проекти.


Пресметал

м-р Трајчо Костадинов д.г.и

ГРАФИЧКИ ДЕЛ – Планска документација

1. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ

Д.Г.Т.И.ДОМИНГ ЈТД
Ул. „Илија Алексов“ бб., Радовиш, Македонија
Тел. +389 (0)32 630 240, Моб. +389 (0)78 214 499
www.doming.mk | domingjovan@yahoo.com



N

- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ
- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ - Урбанистички план за село Сушица, Општина Ново Село
- ГРАНИЦА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ - УП вон опфат на урбанистички план за подземен кабелски вод (10/20 kV) траса со почеток од КП 392 КО Секерник, О. Босилово до трафостаница Сушица на КП 3992 КО Сушица, О.Ново Село
- ИГЛ ИНФРАСТРУКТУРНА ГРАДЕЖНА ЛИНИЈА

НАМЕНА НА ЗЕМЈИШТЕ

E1.8 ИНФРАСТРУКТУРИ ЗА ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА 3179m2 (100%)

ПРОЕКТЕН ОПФАТ 3179m2 (100%)

ИНФРАСТРУКТУРА

- ПЛАНИРАН ПОДЗЕМЕН ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ВОД 10/20kV СПОРЕД УП
- ЗАШТИТЕН КРАЈБРЕЖЕН ПОЈАС L=50m СПОРЕД "ХИДРОЛОШКА СТУДИЈА За Определување на големи води на суводолица на КП 5571 КО Сушица, општина Ново Село"
- ПОСТОЕЧКИ НАДЗЕМЕН ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ВОД 10/20kV ЕВН
- ПОСТОЕЧКИ ПОДЗЕМЕН ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ВОД 10/20kV ЕВН
- ПОСТОЕЧКИ НАДЗЕМЕН ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ВОД 0.4kV ЕВН
- ПЛАНИРАН ПОДЗЕМЕН ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКИ ВОД 10/20kV ЕВН
- ЕВН ЗАШТИТЕН ПОЈАС
- ПОСТОЕЧКИ ПОДЗЕМЕН ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКИ КАБЕЛ

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА ГРАДБИТЕ ВО ПРОЕКТЕН ОПФАТ

Број на градба	Намена на градба	Површина на градба (m²)	Развиена површина на градба (m²)	Катност	мак. Висина до венец (m)
/	E1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија	3179m²	3179m²	/	/
ВКУПНО:		3179m²	3179m²		

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ

Документациона основа и Планска документација

		Документациона основа	Планска документација
1	ПРОЕКТЕН ОПФАТ	3179m2 (100%)	3179m² (100%)
2	E1.1 - сообраќајни патни инфраструктури	120.65m2 (3.79%)	/
3	E1.8 – инфраструктури за пренос на електрична енергија	/	3179m² (100%)
4	НЗ – неизградено земјиште	3011.97m2 (94.75%)	/
6	ВП – водена површина	46.38m2 (1.46%)	/
7	ПОВРШИНА ПОД ГРАДБА	/	3179m²
8	ВКУПНО ИЗГРАДЕНА ПОВРШИНА	/	3179m²
9	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕТО	0%	100%
10	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕТО	0	1

ЛЕГЕНДА:

- граница на катастарска парцела
- опфат за ажурирање
- мал канал
- голем канал
- улици
- ЕЛЕКТРИЧЕН СТОЛБ
- ШАХТИ
- изохипси
- стопански објект
- станбен објект
- помошен објект
- покриена тераса
- објект во изградба
- дивоградби
- трафостаница
- откриена тераса
- барака
- новоизграден стопански објект
- новоизграден станбен објект
- новоизграден помошен објект
- новоизграден настрешница
- 143 240.04 - апсолутни надморски висини
- 3684 - број на катастарска парцел

ПРОЕКТАНТ ПРАВНО ЛИЦЕ	ДОМИНГ ЈТД РАДОВИШ лиценца бр.П.268/А	ОЗНАКА: У	ЦРТЕЖ БР.: 1 · РАЗМЕР: 1:2000 · ВЕРЗИЈА: 1
ИНВЕСТИТОР	ДПТУ „ФОТОВОЛД МЕ“ ДОО Врапчиште	ВИД НА ПРОЕКТ	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
		ТЕХ. БРОЈ	133/2025-У
РЕВИДЕН ПРАВНО ЛИЦЕ		ДАТА	АВГУСТ 2025
		ДИМЕНЗИИ	580 x 420 mm
НИВО НА ПРОЕКТ	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ВОН ОПФАТ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН		
НАЗИВ НА ПРОЕКТ	Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 - инфраструктури за пренос на електрична енергија за изградба на 10(20)kV кабелски подземен вод од врска со планиран подземен кабелски вод 10(20)kV на КП 565 КО Сушица до врска со планиран подземен кабелски вод 10(20) kV на КП 5591 КО Сушица, КО Сушица - општина Ново Село		
НАЗИВ НА ЦРТЕЖ	УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ		
ФАЗА	УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ		
СОРАБОТНИЦИ		ПЕЧАТ И ПОТПИС НА ПРАВНО ЛИЦЕ ПРОЕКТАНТ	
ОДГОВОРЕН ПЛАНЕР ПЕЧАТ И ПОТПИС: ЧАЛОВСКИ ГОРАН Д.И.А.	ОВЛАСТЕН РЕВИДЕНТ ПЕЧАТ И ПОТПИС	Управител ЈОВАН КОСТАДИНОВ	

ИДЕЕН ПРОЕКТ

Д.Г.Т.И.ДОМИНГ ЈТД
Ул. „Илија Алексов“ бб., Радовиш, Македонија
Тел. +389 (0)32 630 240, Моб. +389 (0)78 214 499
www.doming.mk | domingjovan@yahoo.com

ГЕО КОМ

ГЕО КОМ ДООЕЛ Делчево

Објект:	Идеен Проект за подземен кабелски вод 10(20) кV траса со почеток од КП 565 КО Сушица до КП 5591 КО Сушица, О.Ново Село
Инвеститор:	***ФОТОВОЛТ МЕ***
Изготвувач на техничка документација:	ГЕО КОМ ДООЕЛ Делчево

Предмет: **Идеен Проект**

Идеен Проект за подземен кабелски вод 10(20) кV траса со почеток од КП 565 КО Сушица до КП 5591 КО Сушица, О.Ново Село

(стационажа од 0+000 до 1+589.67)

Технички број: **215/3-25**

Дата: Август 2025 год

Проектант,

Љубомир Петровик
дипл.е.т.инж.
Овластување бр. 41709

Ljubomir Petrovikj
Digitally signed by Ljubomir Petrovikj
Date: 2025.08.05 15:46:19 +02'00'

Управител,

Љупчо Атанасовски

Ljupcho Atanasovski
Digitally signed by Ljupcho Atanasovski
Date: 2025.08.05 15:46:08 +02'00'

СОДРЖИНА:

I. ОПШТ ДЕЛ

1. Доказ за регистрирана дејност (ДРД образец)
2. Лиценца за проектирање
3. Решение за именување на проектанти
4. Овластување на проектанти
5. Проектна задача

А. Текстуален Дел

ТЕХНИЧКИ ОПИС
Цел на градбата
Опис на 10(20) kV кабелските водови
Карактеристики на 10(20) kV кабелски вод
Вкрстување и паралелно водење на 10(20) kV кабелска траса со други инсталации и сообраќајници
Упатство за поставување на енергетски кабли
Директно полагање на енергетски кабли во земја
Приближување и вкрстување на енергетски кабел со други подземни инсталации
Приближување и вкрстување на енергетски и телекомуникациони кабли
Приближување и вкрстување на енергетски кабел со цевки на водовод и канализација
Приближување и вкрстување на енергетски кабел со топловод
Приближување и вкрстување на енергетски кабел со гасовод
Приближување и вкрстување на енергетски кабли
Вкрстување на енергетски кабел со пат вон населено место
Полагање на енергетски кабли преку мостови
Полагање на едножилни енергетски кабли
Кабелски прибор
ГРАФИЧКИ ДЕЛ

II. ПРОЕКТЕН ДЕЛ

А. Текстуален Дел

- ПРЕДМЕР ПРЕСМЕТКА
- ГРАФИЧКИ ПРИЛОЗИ

I. ОПШТ ДЕЛ

ПРОЕКТНА ЗАДАЧА

А: Општи податоци

1. Вид на техничка документација:	Основен
2. Технички прописи:	Техничката документација да се изработи според важечките технички нормативи, прописи и стандарди од соодветната област

Б: Технички податоци

1.Име на водот:	Идеен Проект за подземен кабелски вод 10(20) kV траса со почеток од КП 565 КО Сушица до КП 5591 КО Сушица, О.Ново Село
2. Почетна точка:	КП 565 КО Сушица, О. Ново Село
3. Крајна точка:	КП 5591 КО Сушица, О. Ново Село
4. Траса на водот:	**стационажа од 0+000 до 1+589.67**
5.Номинален напон:	10(20) kV; 50 Hz
6. Должина на кабелска траса:	1589.67 метри
7. Кабел:	**NA2XS(F)2Y 3 x 1 x 400 mm² RM/25 UO/U 12/20 kV**

ИНВЕСТИТОР

Врз основа на член 59 став 10 од Законот за градење („Службен весник на Репу блика Македонија“ бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11 , 13/12, 144/13, 25/13,79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15,226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службенвесник на Републ ика Северна Македонија“ бр. 244/19, 18/20, 279/20 , 227/22и 111/23),) и Правилник за содржината на проектите, означувањето на проектот, начинот на заверка на проектот од страна на одговорните лица и начинот на користење

РЕШЕНИЕ
ЗА ОДРЕДУВАЊЕ НА ОДГОВОРНИ ПРОЕКТАНТИ

– фаза електрика дипл. ел. инж. Љубомир Петровиќ

Именуваниот има работно искуство во својата струка преку 5 години и ги исполнува условите пропишани во поглед на стручната спрема и пракса да може самостојно да изработува техничка документација од ваков тип.

Управител
Љупчо Атанасовски

_____

А. Текстуален Дел

1.ТЕХНИЧКИ ОПИС

1.1 Цел на градбата

Новопредвидениот 10(20) kV извод со почеток од КП 565 КО Сушица до КП 5591 КО Сушица, О.Ново Село **стационажа од 0+000 до 1+589.67.**

Типот и пресекот на кабелот, како и начелниот избор на кабелската траса се извршени од страна на ЕВН Македонија.

Овој дел од кабелската траса минува низ Општина Босилово и е предмет на овој Основен инфраструктурен проект.

Проектот за инфраструктура е изработен во се според Законот за градење ("Службен Весник на РМ" број 39 од 22.03.2012 и број 144 од 15.11.2012), Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" број 60 од 27.04.2011), важечките прописи, нормативи и стандарди, како и препораките на ЕВН - Македонија АД - Скопје.

.

2. Технички податоци за 10(20) кV кабелски водови

10(20) kV извод

Локација: Општина Ново Село

Почетна точка на кабелски вод: КП 565 КО Сушица, О. Ново Село

Крајна точка на кабелски вод: КП 5591 КО Сушица, О. Ново Село

Работен Напон: 10(20) kV

Тип на кабел и пресек: **NA2XS(F)2Y 3 x 1 x 400 mm^2 RM/25 UO/U 12/20 kV**

Должина на Подземен кабелски вод: 1589.67 метри

3. Технички податоци за кабелот

NA2XS(F)2Y 3 x 1 x 400 mm^2 RM/25 UO/U 12/20 kV

Ознака по МКС:	XHE 49-A
Ознака по DIN:	N2XS(F)2Y
Проводник:	Алуминиуски, Едножилен
Пресек на проводник:	400 mm^2
Надворешен дијаметар на кабел:	53 mm
Тежина на Кабел:	2226.00 kg/km
Изолација:	Умрежен полиетилен (XLPE) DIX8
Радиус на свиткување:	1552mm
Дозволена сила на влечење при положување:	3 daN/mm^2

4. Опис на 10(20) кV кабелските водови

Почетна точка на предметниот 10(20) кV извод од стационажа **0+000 до 1+589.67 КО Сушица Општина Ново Село**. Од оваа почетна точка, по цела должина на трасата, кабелскиот вод е положен во земјен ров.

Кабелската траса оди по локален земјен пат се до влезот на селото Сушица. На местата каде што кабелската трасаминува преку асфалтна површина истата нема да се сече туку него поставување ќе се изврши со подбушување под самата асфалтна површина. Трасата ќе се води покрај асфалтираните површини и сите пристапи до куќите кои ќе се оштетат ќе бидат доведени во првобитна состојба. Доколку се јави потреба за сечење на асфалтот истата ќе биде донесена во првобитна состојба т.е. санирана по важечките прописи. При водењето на трасата се наоѓаат неколку премини преку хидратска мрежа во сопственост на Водостопанство каде по нивни препораки овој кабелски вод треба да биде вкопан под истата.

Кабелот по локалниот пат нема никакви други инсталации и може непречено да биде вкопан.

5. Карактеристики на 10(20) кV кабелски вод

Ископот на кабелскиот ров треба да се изведе рачно или машински, со внимателно копање. Ваквото барање е заради можноста за постоење на подземни инсталации кои не се очекувани при ископот.

При ископ на ровот, доколку дојде до обрушување на земјата, треба да се изврши потпирање на страните на ровот.

Бидејќи на целиот дел од трасата Средно-Напонскиот кабелски вод е со кабли тип N2XS(F)2Y 1 x 400 mm^2 RM/25 UO/U 12/20 kV, трите фази се положуваат во ист ров, во вид на триаголнест сноп, ширината на дното ровот треба да е 0.4m и длабочина на ровот од 0.8m на регулирана површина, а на начин претставен на Цртеж бр. 2.

Затрупувањето на ровот се изведува во слоеви со нивно набивање а површината на ровот треба да се врати во првобитната состојба.

На делниците каде кабелската траса не може да се копа поради непристапност потребно е да се изврши сечење на асфалтот, разбивање и отстранување на асфалтната прекривка. По затрупувањето на ровот потребно е горната површина да се доведе во иста состојба како и пред копањето, со машинско набивање на земјата, ставање слој шљунак и асфалтирање на слој со потребната дебелина.

Вдолж вкрстувањата на кабелската траса со постоечките сообраќајници, новопредвидените улици, како и бетонскиот канал за вода, секој триаголнест сноп од едножилни кабли треба да биде вовлечен во заштитна дебелосидна PVC цевка Ф160mm.

Над положените кабли треба да се положи пластифицирана предупредувачка лента по целата должина на ровот.

Доколку Инвеститорот смета дека е потребно, може да се вградат и други ознаки за обележување на кабелската траса.

Каблите механички се заштитуваат со поставување на пластични "ГАЛ" штитници на начин кој е даден во цртежот 2.

Во кабелските ровови се предвидува полагање на FeZn лента 40 x 4 mm, по целата должина на трасата. Поцинкуваната лента треба се поврзе со заштитното заземјување на новопредвидените трафостаници, на другиот крај на рововите.

6. Вкрстување и паралелно водење на 10(20) кУ кабелска траса со други инсталации и сообраќајници

Кабелската траса, според добиените подлоги, известувања и одговори од претпријатијата кои поседуваат подземни инсталации од телекомуникациски и комунален карактер, не третира други инсталации на целата Кабелска траса, освен на влезот на Населбата " Равна Река" каде од десната рабна страна на коловозот се простира старата водоводна инсталација. За да се избегне оваа водоводна инсталација, Кабелскиот сноп со трите едножилни Средно напонски кабли N2XS(F)2Y 1 x 400 mm² RM/25 UO/U 12/20 kV после Катастарската Парцела го поминува коловозот и се протега по десната рабна страна на коловозот каде не постојат никакви подземни инсталации.

Во секој случај, изведбата на кабелскиот вод мора да се изврши во се според даденото упатство за поставување на енергетски кабли" (поглавје 7.2.2. „Приближување и вкрстување на енергетски кабел со цевки на водовод и канализација"), како и според условите и барањата ЈП. Воедно, изведбата треба да биде организирана така што да има постојан надзор , со што истата би се поедноставила.

Според согледувањата на теренот, како и од добиените подлоги, известувања и одговори од претпријатијата кои поседуваат подземни инфраструктурни инсталации, може да се заклучи дека вкрстувањето и паралелното водење на кабелските водови со други подземни инсталации согласно прописите и стандардите е можно и изводливо.

7.Упатство за поставување на енергетски кабли

7.1. Директно полагање на енергетски кабли во земја

Се препорачува директно полагање на енергетски каблови во земја, во кабелски ров чии димензии зависат од номиналниот напон на кабелот, видот на земјиштето како и од бројот на кабли кои се полагаат во истиот ров.
Нормална длабочина на ровот во кој се полага кабелот изнесува:

- 1.1 m за кабли 35 kV
- 0.7 – 0.8 m за кабли 1 kV, 10 kV и 20 kV

Отстапувања се дозволени на помали должини при вкрстување со други кабли и инсталации, како и во случаи на неповолни услови на полагање.
Доколку кабелот се полага на помали длабочини поради разни препреки или други инсталации, потребно е да се предвиди дополнителна заштита од механички оштетувања со примена на заштитни цевки, бетонски заштитници и сл.

Кабелот се полага во средина на слој од песок и шљунак кој е со дебелина 0.2 m. над дното на кабелскиот ров. За набивање на овој слој треба да се користат исклучително рачни набивачи.

Кабелскиот ров се копа како отворен ров. Само во случај на вкрстување на кабелот со железничка пруга или со пат или улица каде не смее да се прекинува сообраќајот се врши бушење на отвор за цевка низ која се провлекува кабелот. Ова мора да се врши многу внимателно, да не дојде до оштетување на друга инсталација.


Ископаниот кабелски ров мора да биде видливо обележан, поради сигурност на пешаците и возилата. Влезовите во куќи и деловни простории треба да имаат соодветни премостувања.

Затрупувањето на кабелскиот ров се врши со земја од откопот или со новодонесена земја во слоеви од по 0.3 m. Слоевите од земја над постелицата од песок и шљунак се набиваат со механички набивачи.


При затрупувањето на кабелскиот ров, над кабелот вдолж целата траса треба да се постави пластична предупредувачка лента:

- при полагање на кабел на регулирани површини се поставува една предупредувачка лента на 0.4 m над кабелот (сл. 1),
- при полагање на кабелот на нерегулирани површини се поставуваат две предупредувачки ленти од кои првата е на 0.3 m, а втората на 0.5 m над кабелот (сл. 1),
- ако во исти ров се полагаат повеќе кабли, тогаш бројот на предупредувачки ленти и нивното меѓусебно растојание треба да бидат така одбрани да сите кабли бидат “покриени” со предупредувачки ленти (сл. 2).

Пластичната педупредувачка лента е со црвена боја со втиснат натпис за внимателност, ширината на траката треба да биде околу 10 cm, а квалитетот на материјалот треба да гарантира век на траење од околу 30 години.




1 предупредувачка лента; 2 набиена земја во слоеви; 3 кабел; 4 песок
Слика бр. 1



1 СН кабел; 2 НН кабел; 3 песок; 4 набиена земја во слоеви;
5 предупредувачка лента; 6 цигли;
Слика бр. 2

За премин под пат во урбанизирани населби наместо кабелска канализација може да се користи и директно полагање на кабли во земја, во ров со длабочина 1.4 m се поставува постелица на кабелот која е претходно опишана, над неа се поставуваат армирно-бетонски плочи, слој на земја и слој на мршав бетон МБ-15 (сл. 3).

После полагањето, изработката на кабелските спојници и завршници, напонското испитување на комплетниот кабелски вод и затрпувањето, кабелската траса се доведува во првобитната состојба т.е. вишокот на земја се одвезува на планирано место, се поправаат и асфалтираат сообраќајниците и т.н.



1 кабел; 2 песочна постелица; 4 армиранобетонска плоча;
3 слој на земја; 5 предупредувачка лента; 6 бетон МБ 15 7 тампон на патот
Слика бр. 3

7.2. Приближување и вкрстување на енергетски кабел со други подземни инсталации

7.2.1. Приближување и вкрстување на енергетски и телекомуникациони кабли

Дозволено е паралелно водење на енергетски и телекомуникациски кабел на меѓусебно растојание од најмалку:

- 0.5 m за кабли 1 kV, 10 kV и 20 kV
- 1 m за кабли 35 kV

Вкрстување на енергетски и телекомуникациски кабел се врши на растојание од најмалку 0.5 m.

Аголот на вкрстување треба да биде:

- во населени места најмалку 30°, а по можност што поблиску до 90°,
- вон населени места најмалку 45°.

Енергетскиот кабел по правило се поставува под телекомуникацискиот кабел.

Доколку неможат да се постигнат растојанијата кои се претходно дадени на местото на вкрстување енергетскиот кабел треба да се вовлече во заштитна цевка, но и тогаш растојанието несмее да биде помало од 0.5 m.

Растојанијата и аглите на вкрстување кои се претходно дадени не се однесуваат на оптички кабли.

Телекомуникациските кабли кои исклучително служат за потребите на електродистрибуциите можат да се полагаат во исти ров со енергетски кабли на растојание не помало од 0.2 m.

7.2.2. Приближување и вкрстување на енергетски кабел со цевки на водовод и канализација

Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над водоводни и канализациски цевки.

Хоризонталното растојание на енергетскиот кабел од водоводна или канализациска цевка треба да изнесува најмалку 0.5 m за кабли 35 kV т.е. најмалку 0.4 m за останатите кабли.

При вкрстување, енергетски кабел може да биде положен под или над водоводна или канализациска цевка на растојание од најмалку 0.4 m за кабли 35 kV односно најмалку 0.3 m за останатите кабли.

Доколку неможат да се постигнат растојанијата претходно дадени, на тие места енергетскиот кабел треба да се провлече низ заштитна цевка.

На местата на паралелно водење или вкрстување на енергетски кабел со водоводни или канализациски цевки, кабелскиот ров се копа рачно (без употреба на механизација).

7.2.3. Приближување и вкрстување на енергетски кабел со топловод

Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над топловод.

При вкрстување, енергетскиот кабел се полага над топловод, а во исклучителни случаеви под топловод.


Помеѓу енергетски кабел и топловод се поставува топлотна изолација од полиуретан, пенлив бетон и т.н. (сл. 4).

Хоризонталното растојание помеѓу енергетскиот кабел и надворешната ивица на каналот за топловод треба да изнесува најмалку 0.7 m за кабли 35 kV, односно 0.6 m за останатите кабли.

Доколку неможе да се постигнат претходно дадените најмали растојанија се применуваат дополнителни заштитни мерки со кои се обезбедува да топлотното влијание на топловодот врз кабелот не биде поголемо од 20°C. Заштитни мерки се следните:


- зајакната изолација помеѓу топловодот и енергетскиот кабел,
- примена на кабли со изолација од вмрежен полиетилен (XP00; XHE 49-A и сл.)
- примена на метални екрани помеѓу кабелот и топловодот и други.

При вкрстување и паралелно водење на енергетски кабел за јавно осветлување и топловод треба да се оствари растојание од најмалку 0.3 m.



1 површина на тло 2 предупредувачка лента; 3 пластична цевка ∅ 160;
4 кабел; 5 изолација од пенлив бетон;
Слика бр. 4

ПАРАЛЕЛНО ВОДЕЊЕ НА ЕНЕРГЕТСКИ КАБЕЛ СО ТОПЛОВОД



Слика бр. 5

7.2.4. Приближување и вкрстување на енергетски кабел со гасовод

Не е дозволено паралелно водење на енергетски кабли под или над гасовод.

Растојанието помеѓу енергетски кабел и гасовод при вкрстување и паралелно водење треба да биде најмалку:

- 0.8 m во населено место
- 1.2 m вон населено место

Растојанијата можат да се намалат до 0.3 m ако кабелот се положи во заштитна цевка со должина најмалку 2 m од двете страни на вкрстувањето или по целата должина на паралелното водење.

7.2.5. Приближување и вкрстување на енергетски кабли

Меѓусебното растојание на енергетски кабли (повеќежилни кабли или кабелски сноп од три едножилни кабли) во ист ров се одредува врз основа на струјното оптоварување на истите, но не смее да биде помало од 0.07 m при паралелно водење, односно 0.2 m при вкрстување.

За обезбедување на пропишаното растојание при паралелно водење т.е. недопирање на каблите потребно е по целата должина на трасата да се постават бетонски опеки на меѓусебно растојание од 1 m.

7.2.6. Вкрстување на енергетски кабел со пат вон населено место

Вкрстување на кабелски вод со пат вон населено место се врши така што кабелот се полага во бетонски канал или бетонска или пластична цевка навлечена во хоризонтално избушен отвор. Со тоа се обезбедува замена на кабелот без раскопување на патот.

Вертикалното растојание помеѓу горната ивица на кабелската канализација и површината на патот треба да изнесува најмалку 0.8 m.

Растојанието помеѓу кабелскиот вод и пат вон населено место при паралелно водење, односно приближување изнесува:

- за автопат и пат од прв ред: најмалку 5 m за паралелно водење и најмалку 3 m за приближување,
- за патишта под прв ред: најмалку 3 m за паралелно водење и најмалку 1 m за приближување.

7.2.7. Полагање на енергетски кабли преку мостови

За полагање преку мостови се препорачува користење на кабли со полимерна изолација и полимерен плашт (XP00-AS, XHE 49-A и др.).


За полагање преку мост дозволено е користење на хартиени кабли со алуминиумски плашт, тип NPHA 03-A. Не е дозволено полагање на енергетски кабли со оловен плашт.

Се препорачува полагањето на енергетските кабли да биде под пешачката стаза на мостот во канали или цевки. Овие канали (цевки) не смее да се користат за атмосферски води и мора да биде овозможено природно ладење на каблите во цевките. Дозволено е слободно полагање по конструкцијата на мостот ако енергетските кабли се непристапни на нестручни лица и ако се заштитени од директно влијание на сончевите зраци.

Енергетските кабли под мостовите, доколку е можно, треба да се полагаат во еден дел, без употреба на спојници. Во спротивно кабелската спојница треба да е оддалечена најмалку 10 метри од краевите на мостот.

Треба да се избегнува полагање на каблите под дрвени мостови. Во спротивно каблите треба да се полагаат во пластични или метални цевки.

На премините на енергетските кабли од челичната конструкција на мостовите на страничните потпирачи, како и на премините на дилетационите делови на мостот, потребно е да се остави соодветна резерва.



Сл.9

7.3 Полагање на едножилни енергетски кабли

Се препорачува полагање на едножилни кабли (ХНЕ 49 и др.) во триаголнест сноп. На пократки делници дозволено е и полагање во хоризонтална рамнина на меѓусебно растојание од 0.07m.

Снопот се формира со провлекување на каблите низ соодветна матрица при одмотување од три котури. Формираниот сноп на секој 1 - 2 метри се зацврстува (обмотува) со обујмица или самолепliва лента.



а) во триаголен сноп



б) во хоризонтална рамнина

Дозволено е поединечно провлекување на едножилен кабел низ цевка од неферомагнетен материјал по услов цевката да не е подолга од 20 метри.

Дозволено е провлекување на сноп од три едножилни кабли од сите три фази низ челична цевка.

За прицврстување на едножилни кабли можат да се користат само обујмици од неферомагнетен материјал (бакар, алуминиум, пластика и т.н.).

На двата краја на кабелскиот вод потребно е галвански да се поврзат металните плаштови на сите три едножилни кабли и овој спој да се заземји.

8. Кабелски прибор

Кабелскиот прибор служи за затварање на краевите на кабелот за да се спречи продирање на влага, што се остварува со помош на кабловски завршници (глави) за внатрешна и надворешна монтажа и кабловски спојници.

За среднонапонските кабли (XHE 49-A, NPO 13-AS итн.) се препорачува да се користат кабелски спојници и завршници од топлособирачки, ладнособирачки или префабрикувани елементи.

Кабелските спојници и завршници траба да ги монтираат стручно обучени работници кои доследно ги применуваат сите упатства и барања на производителите посебно во врска со технолошката чистота, непрекидноста на електричната заштита, слабопроводните слоеви и плаштот на среднонапонските кабли итн.

Кабелската завршница на среднонапонскиот кабел мора да има прибор за едноставно приклучување на металниот плашт и арматурата, односно електричната заштита на кабелот, на заземјувачот на трансформаторската станица или столбот.

Кабелската спојница посебно не се заземјува, независно од тоа дали е од изолационен материјал или метална.

9. ГЕОГРАФСКО И ГЕОДЕТСКО ОДРЕДУВАЊЕ НА ПЛАНСКИОТ ОПФАТ

Подрачјето на планскиот опфат се наоѓа на надморска височина од 200-250 м. Според географската положба е во југоисточниот дел на Република Македонија. Локацијата на соларната централа е лоцирана јужно од с.Босилово на оддаелеченост од приближно 3 km од градот по локален пат.

Планскиот опфат на Проектот за инфраструктурата на 10 (20) Извод од до локација на соларна централа, опфаќа делови од повеќе парцели претставени во Синтезниот План во Прилог.

.

- површина на планскиот опфат изнесува 9560 m^2
- должина на планскиот опфат изнесува 1589.67 m^1

ПРЕДМЕР НА РАБОТИ И МАТЕРИЈАЛИ

Земјени и Градежни Работи:

		Единечна мерка	Количина
1	Ископ на ров со димензии 40cm x 80cm во земја од III и IV категорија	m^3	996
2	Затрупување на земја од III и IV категорија, во ров со набивање во слоеви од 30cm	m^3	299
3	Утовар и транспорт на преостаната земја и отпадоци од асфалт и бетон до депонија	m^3	0
4	Машинско сечење на асфалтна или бетонска покривка во слој над 7cm	m	0
5	Разбивање и отстранување на асфалтна или бетонска покривка во слој над 7cm	m^2	0
6	Доведување во првобитна состојба на патот со асфалтирање	m^2	0
7	Набавка, транспорт и внесување на песок во два слоја од по 0,1m	m^3	0
8	Набавка, транспорт и монтажа на поцинкована лента FeZn 40 x 4mm	m1	1590
9	Набавка и поставување на Гал Штитници врз претходно положен кабел	Бр.	1590
10	Набавка и поставување на предупредувачка лента на длабочина од 40cm	m	1590

Вкупна цена за Земјени и градежни работи без ДДВ: **2,900,000.00 денари**

Електромонтажни и завршни работи

1	Положување на кабел N2XS(F)2Y 3 x 1 x 400 mm^2 RM/25 UO/U 12/20 kV во претходно ископан ров	m	1590
2	Набавка, транспорт и монтажа на кабелски Спојници 20 kV за надворешна монтажа, за едножилен кабел од вештачки материјал, пресек 180-240mm^2 со топлособирачка техника, POLT - 24D/1XO-L12B	Бр	48
3	Набавка, транспорт и монтажа на кабелски Завршници 20 kV за надворешна монтажа, за едножилен кабел од вештачки материјал, пресек 180-240mm^2 со топлособирачка техника, POLT - 24D/1XO-L12B	Бр	3
4	Набавка, транспорт и монтажа на заштитна дебелосидна ПВЦ цевка Ф160mm по бетонски мост и бетонски канали за вода	m	0
5	Изработка, транспорт и монтажа на метален држач (комплет елементи) за прицврстување на заштитна дебелосидна PVC цевка Ф160mm, вдолж бетонската конструкција на мост	Бр	0
6	Испишување и поставување на кабелска ознака (црвена боја) според стандард на EVN, на растојание од 2 метра	Бр.	6
7	Изработка на Проект за изведена состојба	Бр.	1

Вкупна цена за електромонтажни и завршни работи без ДДВ: 7.872.000,00 **денари**

РЕКАПИТУЛАЦИЈА

Земјени и градежни работи без ДДВ:
2,900,000.00 денари
Електромонтажни работи и завршни работи без ДДВ:
7.872.000,00 денари
Вкупно:
10,772,000.00 денари
ДДВ 18%:
1,938,960,00 денари
Се Вкупно со ДДВ
12,710,960,00 денари

Геo Ком ДООЕЛ
Делчево